Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-391/6
06 08 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на РМ бр.38/96,9/97,6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15,39/16,64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22) и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 06.08.2025 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
за усвојување на Тримесечниот Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.04.2025 год. до 30.06.2025 год.

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечниот Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг- Скопје за период 01.04.2025 год. до 30.06.2025 год.

***Член 2***

Се задолжува в.д. Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на бев страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 06.08.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

J.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-391/6
06 08 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2025-30.06.2025 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во второто тромесечие од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 9.050.338,00 денари.
Приходите изнесуваат 77.166.636,00 денари.
Расходите се на износ 68.116.298,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 АПРИЛ ДО 30 ЈУНИ 2025 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 70.254.598,00 | 64.461.213,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 6.397.458,00 | 6.082.463,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 505.428,00 | 486.271,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 9.152,00 | 2.369,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **77.166.636,00** | **71.032.316,00** |

| **РАСХОДИ – кл.4** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 2.411.166,00 | 2.605.308,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 13.008.812,00 | 12.539.372,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 45.654.105,00 | 45.751.838,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2.716.039,00 | 2.663.105,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 4.236.153,00 | 2.283.772,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 67.031,00 | 145.069,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 22.992,00 | 2.136,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **68.116.298,00** | **65.990.600,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **77.166.636,00** | **71.032.316,00** |
| **Вкупно расходи** | **68.116.298,00** | **65.990.600,00** |
| **Добивка** | **9.050.338,00** | **5.041.716,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.04.2025-30.06.2025 година изнесуваат 77.166.636,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 70.254.598,00 ден.
- Сектор Пајак 6.397.458,00 ден.
- Останати приходи 505.428,00 ден.
- Финансиски приходи 9.152,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 22.077.978,00 | 20.806.112,00 | 1.271.866,00 | 1,06 |
| **2.зонско паркирање** | 39.261.072,00 | 35.466.478,00 | 3.794.594,00 | 1,11 |
| **3.катна гаража-Беко** | 5.388.842,00 | 4.732.632,00 | 656.210,00 | 1,14 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 3.526.706,00 | 3.455.991,00 | 70.715,00 | 1,02 |
| **Вкупно приходи:** | **70.254.598,00** | **64.461.213,00** | **5.793.385,00** | **1,09** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 5.793.385,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 1.271.866,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 3.794.594,00 денари. Пораст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај сите видови наплата : по пат на испраќање смс пораки, кај претплатите, доплатни карти,наплата со QR-код како и со продажбата на греб картички.

Во спредба со истиот период од минатата година катната гаража „Беко" има зголемување на приходите за 656.210,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи зголемување на приходите за 70.715,00 денари.

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 6.393.220,00 | 6.075.425,00 | 317.795,00 | 1,05 |
| 2.фактурирана услуга | 4.238,00 | 7.038,00 | -2.800,00 | 0,60 |
| **Вкупно приходи :** | **6.397.458,00** | **6.082.463,00** | **314.995,00** | **1,05** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 6.397.458,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 314.995,00 денари. Во второто тромесечие од годината наплатени се 3657 возила односно 168 возила повеќе во спордба со истиот период од минатата година кога се наплатени 3.489 возила.

Работата на сектор пајак во најголем дел е условена од соработката со МВР од причина што возилата се подигаат по налог на полиција. Други околности кои влијаат на работата на овој сектор се : недоволната екипираност со вработени во однос на бројот на специјални возила со кои располага претпријатието, понатаму работењето е условено и од исправноста на возилата , временските услови итн.

## ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 14.850,00 | 15.120,00 | -270,00 | 0,98 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од наплатени судски трошоци | 32.192,00 | 29.051,00 | 3.141,00 | 1,11 |
| од наплата на штети | 58.315,00 | 9.000,00 | 49.315,00 | 6,48 |
| Од др.надомест, вонред.приходи, мин.години | 32.169,00 | 65.198,00 | -33.029,00 | 0,49 |
| **Вкупно приходи :** | **505.428,00** | **486.271,00** | **19.157,00** | **1,04** |

Во првиот второто тромесечие остварени се останати приходи на износ 505.428,00 ден. Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 14.850,00 денари; приходи од субвенции дадени во опрема 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 32.192,00 денари приходи од наплата на штети 58.315,00 денари како и други приходи на износ 32.169,00 денари .

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец март бележиме приходи на износ 9.152,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.04.2025-30.06.2025 година се на износ 68.116.298,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| **опис** | **2025 година** | **2024 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 72.147,00 | 68.368,00 | 3.779,00 | 1,06 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 445.498,00 | 537.193,00 | -91.695,00 | 0,83 |
| **ел.енергија,парно** | 994.371,00 | 829.266,00 | 165.105,00 | 1,20 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 814.016,00 | 877.599,00 | -63.583,00 | 0,93 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 85.134,00 | 292.882,00 | -207.748,00 | 0,29 |
| **вкупно:** | **2.411.166,00** | **2.605.308,00** | **-194.142,00** | **0,93** |

Материјалните трошоци во второто тромесечие од годината изнесуваат 2.411.166,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е помала за 194.142,00 денари.

Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 72.147,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 445.498,00 денари, електрична енергија и парно 994.371,00 денари, гориво 814.016,00 денари како и трошокот за инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 85.134,00 денари. Во рамките на оваа група трошоци може да се забележи од прегледот дека релиси кај сите трошоци од групата имаме намалување со исклучок на трошокот на електрична енергија која бележи пораст.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 577.660,00 | 515.148,00 | 62.512,00 | 1,12 |
| **Услуги за тековно одржување** | 3.113.327,00 | 3.714.694,00 | -601.367,00 | 0,84 |
| **Тршоци за наем** | 1.183.672,00 | 1.035.863,00 | 147.809,00 | 1,14 |
| **Комунални услуги** | 1.691.505,00 | 1.702.533,00 | -11.028,00 | 0,99 |
| **Останати услуги** | 165.142,00 | 295.970,00 | -130.828,00 | 0,56 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 5.950.729,00 | 5.275.164,00 | 675.565,00 | 1,13 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 326.777,00 | 0,00 | 326.777,00 | - |
| **вкупно:** | **13.008.812,00** | **12.539.372,00** | **469.440,00** | **1,04** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци за услуги на износ 13.008.812,00 денари. Во однос на минатата година бележиме зголемување за 469.440,00 денари. Кај одделни трошоци бележиме намалување , кај други зголемување , видливо од приложениот преглед.

Во ова тромесечие за разлика од минатат година евидентирани се трошоци за изработка на инфо табли како резултат на активностите за проширување на зонското паркирање на територија на Општина Аеродорм односно за сабзона Д12 во населба Ново Лисиче.

Трошоците за одржување на системот за зонско паркирање се поголеми во споредба со минатата година бидејќи остварен е поголем промет кај зонското паркирање .

Во споредба со минатата година во ова тромесечие евидентирани се трошоци и по основ на времени вработувања на износ 326.777,00 денари.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 45.394.839,00 | 45.492.767,00 | -97.928,00 | 1,00 |
| **отпремнина** | 86.106,00 | 80.562,00 | 5.544,00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 0,00 | 20.341,00 | -20.341,00 | - |
| **Помош на вработени** | 173.160,00 | 158.168,00 | 14.992,00 | 1,09 |
| **вкупно:** | **45.654.105,00** | **45.751.838,00** | **-97.733,00** | **1,00** |

Трошокот за плати и надоместоци од плати изнесува 45.654.105,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 97.733,00 денари.

Во ова тромесечие по основ надоместоци евидентирана е една отпремнина за вработен кој стекнал услов за пензионирање , евидентиран е надомест за помош на починат вработен како и помош на двајца вработени за лекување. По основ јубилејни награди немаме евидентирано трошок во ова тромесечие.

Заклучно месец јуни бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 242 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 256 лица. Трошокот за плати варира како резултат на флуктуации на вработените, по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, мирување, пензионирање , надоместоци од плата согласно колективен договор заради што трошокот на плата соодветно се менува.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.716.039,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 6.000,00 | 42.000,00 | -36.000,00 | 0,14 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 413.337,00 | 457.782,00 | -44.445,00 | 0,90 |
| **репрезентација** | 91.814,00 | 50.056,00 | 41.758,00 | 1,83 |
| **трошоци за осигурување** | 42.388,00 | 55.583,00 | -13.195,00 | 0,76 |
| **банкарски провизии** | 241.163,00 | 206.145,00 | 35.018,00 | 1,17 |
| **трош за ДДВ** | 1.017.795,00 | 945.891,00 | 71.904,00 | 1,08 |
| **Останати трошоци на работењето** | 2.423.656,00 | 526.315,00 | 1.897.341,00 | 4,60 |
| **вкупно:** | **4.236.153,00** | **2.283.772,00** | **1.952.381,00** | **1,85** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 4.236.153,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 2.283.772,00 денари, се забележува зголемување за 1.952.381,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци на вработените за обуки на износ 6.000,00, надоместоци на органите на управување 413.337,00 денари, репрезентација 91.814,00 денари, осигурување 42.388,00 денари, банкарски провизии 241.163,00 денари, трошок за ДДВ 1.017.795,00 денари ; како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 2.423.656,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги на износ 237.935,00 денари, административни такси 85.080,00денари, членарини 5.110,00 денари, услуги за ревизија на финансиски извештаи 200.000,00 денари, здравствен преглед за вработен 800,00 денари, договор на дело 169.697,00 денари , трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија на износ 90.285,00 денари и судски трошоци на износ од 1.634.749,00 денари од кои 1.633.349,00 денари се трошоци за судски спор со фирмата Енерџи деливери солушн во врска снабдување со електрична енергија за месеците 01-02.2023 година на износ 1.134.760,00 денари а остатокот 498.589,00 денари се однесуваат за камата на главен долг и трошоци во првостепена и второстепена постапка за спорот. Износот од 1.400,00 дена се други судски трошоци .

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Тужени побарувања евидентираме на износ 14.850,00 денари. Истите произлегуваат од 2022 година и се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 52.180,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ 34.544,00 денари, надомест на штета на износ 9.240,00 денари како и трошоци од минати години и вонредни расходи на износ 8.397,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 22.992,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија и ѓубретарина .

## *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА*

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.06.2025 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 119.030.673,00 денари.

Евидентирани се побарувања од купувачи на износ 70.785.462,00 денари . Наплата бележиме во извештајниот период износ 75.454.988,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 19.349.394,00 денари додека пак плаќања се извршени по обврски кон добавувачи на износ од 18.624.569,00 денари. Дополнително, обврската за комунална такса за тримесечниот период изнесува 7.019.998,00 денари.

Во месец април подмирена е обврска за комунална такса од 2024 година на износ 6.416.916,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

За период 01.04.2025-30.06.2025 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи позитивен финансиски резултат – добивка на износ 9.050.338,00 денари.

Во второто тромесечие бележиме зголемување на оперативните приходи од паркирање и од подигање на непрописно паркирани возила. Претпријатието навремено ги подмирува тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Но, сметаме дека обврската за комунална такса сериозно финансиски го оптоварува претпријатието.

Очекуваме во периодот што следи дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се превземат мерки за нејзино намалување.

Датум:18.07.2025

изработил:
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
Мартин Гаврилски